СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 50. седница**
**4.5.2023 година**
**Точка на дневен ред бр. 5-1**

# ОДЛУКА

## за усвојување на Годишната сметка на Стопанска банка а.д. Битола на 31.12.2022 година

**Битола, 2023 година**

Врз основа на член 45 од Статут на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 50 редовна седница одржана на ден 4.5.2023 година донесе:

# ОДЛУКА

**Член 1**

Се УСВОЈУВА Годишната сметка на Стопанска банка а.д. Битола за 2022 година со следните биланси:

- Биланс на состојба на 31.12.2022 година и
- Биланс на успех од 1.1 до 31.12.2022 година

**Член 2**

Во Билансот на состојба се искажани следните состојби:

- Вкупна актива 11.711.205.474,00 денари
- Вкупна пасива 11.711.205.474,00 денари

**Член 3**

Во Билансот на успех за утврдување на добивката вкупните приходи и расходи изнесуваат:

- Приходи 732.446.810,00 денари
- Расходи 699.673.712,00 денари
- Добивка пред оданочување 32.773.098,00 денари

**Член 4**

Остварената бруто добивка изнесува 32.773.098,00 денари и се состои од:

- Данок на добивка 2.827.834,00 денари
- Добивка по оданочување 29.945.264,00 денари

**Член 5**

Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.

**СО бр. 02-6487/1/II-5-1**
**Битола, 4.5.2023 година**

**Стопанска банка а.д. Битола**
Собрание на акционери
претседавач

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1

**Образложение**

Банката е должна да доставува годишни сметки и финансиски извештаи до Регистарот за годишни сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија, во согласност со Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15,192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и 239/18 и Службен весник на РСМ 290/20, 215/21), и Законот за банки („Службен весник на РМ" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19, Службен весник на РСМ 101/19, 122/21) и Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции („Сл. Весник на РМ" бр.84/14).

Согласно член 477 став 1 од Законот за трговски друштва, рокот за изготвување на годишната сметка не може да биде подолг од два месеци по истекот на деловната годината освен ако надлежниот државен орган не го продолжи на три месеца.
Согласно 477 став 2 од Законот за трговски друштва годишната сметка се доставува до Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година.
Согласно 477 став 5 од Законот за трговски друштва со исклучок годишната сметка во електронска форма може да се достави до Централниот регистар и до 15 март наредната година.

Годишната сметка вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки. Финансиските извештаи вклучуваат биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно со одредбите на овој закон и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на друштвото за деловната година.

Податоците од годишната сметка составена и потпишана согласно со членот 476 ставови (7) и (8) од Законот за трговски друштва, кои до Централниот регистар се доставуваат во електронска форма, се потпишуваат со електронски потпис на сметководителот, односно овластениот сметководител кој ја составил годишната сметка или на законскиот застапник на трговецот.

Согласно член 469 став 2 од Законот за трговски друштва произлегува обврската за доставување во електронска форма и на финансиските извештаи усогласени со меѓународните стандарди за финансиско известување.

Согласно член 482 став 2 одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа на друштвото, органот на управување најдоцна 30 дена од денот на нивното одобрување, но не подоцна од 30 јуни, во препис, ги доставуваат до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар и ги ставаат во деловната или во друга просторија на увид.
Обрасци од кои се составува годишната сметка за 2022 година се следните:

- Биланс на состојба
- Биланс на успех

- Образец ДЕ- Посебни податоци за државна евиденција за банките и другите финансиски институции
- СПД Рекапитулар - Структура на приходи по дејности како и
- ДБ – Даночен Биланс

Надзорниот одбор на својата редовна седница одржана на 30.1.2023 година ја одобри Предлог – одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2022 година на Стопанска банка а.д. Битола.

Имајќи го предвид изнесеното, се предлага Собранието на Банката да ја усвои предложената Одлука за усвојување на Годишната сметка за 2022 година на Стопанска банка а.д. Битола.

**НО бр. 02-21274/1/II-33**
**Битола, 30.1.2023 година**

**Стопанска банка а.д. Битола**
**Надзорен одбор**
**Претседател**
**м-р Миле Зечевиќ**

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1